Дневни билтени
2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на ден од дневни настани 13.08.2022

На 12.08.2022 околу 22.15 часот во близина на црква во с.Прдејци, гевгелиско, полициски службеници од Полициска станица Богородица го лишиле од слобода Д.Б.(34) од Штип, а околу 23.50 часот во Гевгелија од полициски службеници од Полициска станица Гевгелија е лишен од слобода З.В.(44) од Штип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење на мигранти". Имено, во 21.15 часот во близина на угостителски објект на регионалет пат Прдејци-Смоквица во товарно возило „ивеко", со велешки регистарски ознаки, управувано од Д.Б., биле пронајдени 14 лица мигранти од Сирија, Индија и Пакистан, додека во Гевгелија е приведен З.В., кој управувал патничко возило „пежо 306", со штипски регистарски ознаки, поради сомнение за негова инволвираност во кривичното дело. Лицата мигранти се сместени во Прифатно-транзитен центар Винојуг Гевгелија за понатамошна постапка, а против двете лица ќе биде поднесена кривична пријава по чл. 418 б ст.2 од Кривичниот законик.

На 12.08.2022 во 21.20 часот на подрачје на Чаир од полициски службеници од Единицата за недозволена трговија при СВР Скопје лишен од слобода е Л.Д.(18) од Скопје, затоа што кај него е пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.08.2022 во 01.00 часот на подрачје на Драчево полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода е Ј.Ѓ.(19) од Скопје, затоа што кај него е пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.08.2022 во 02.20 часот на подрачје на Драчево од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишен од слобода е 16-годишник од Скопје, затоа што кај него е пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.08.2022 во периодот од 18.00 до 00.00 часот Министерството за внатрешни работи со посебно опремен радар за снимање во ноќни услови, спроведе зајакнато акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 261 возач. Од нив, 15 возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното. При тоа 170 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 91 надвор од населено место.

На 12.08.2022 во рамки на засилените акциски контроли во областа на сообраќајот, на територија на град Скопје изречени се вкупно 212 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 76 санкции, 24 мерки за возење без возачка дозвола, седум санкции за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл.Изречени се 10 мерки за користење мобилен телефон, шест за возење под дејство на алкохол, осум мерки за нерегистрирани возила...

На 12.08.2022 на територијата на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило со брзина поголема од пропишаната, при што санкциониране се 42 возачи. Од нив 32 возачи ја пречекориле брзината во населено место, а 10 надвор од населено место. На сите прекршители изготовени им се соодветни поднесоци.

Во текот на изминатата вечер (12/13.08.2022) во рамки на проектот „Безбедно лето 2022", во периодот од 21.00 до 04.00 часот, Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на патиштата спроведе акциска контрола на територијата на град Прилеп за санкционирање на возачи кои не ги почитуваат сообраќајните правила и прописи. При контролата санкционирани се 10 возачи, од кои три за возење без возачка дозвола, три за возење под дејство на алкохол, а одземено е едно патничко моторно возило со прилепски регистарски ознаки поради истечена сообраќајна дозвола по член 344 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата. На сите прекршители изготовени им се соодветни поднесоци.

На 13.08.2022 во 01.00 часот при вршење на акциска контрола според планот „Безбедно лето 2022" во повеќе угостителски објекти во Битола се затекнати малолетници, од кои кај еден од нив било утврдено присуство на алкохол од 1,38 промили. Малолетниците во присуство на претставник од Центарот за социјална работа се предадени на родителите.Исто така, во Ресен од 23.00 часот на 12.08.2022 до 02.00 часот на 13.08.2022 преземени се активностипри контрола во повеќе угостителски објекти биле затекнати повеќе малолетни лица послужени со алкохолни пијалаци за што претиот угостителите ќе следува пријава по чл.204 од Кривичниот законик, а кај еден малолетник е пронајден метален боксерче, кој бил одземен и против лицето ќе следува поднесок по Законот за оружје. За време на акциската контрола на ул. „1 Мај" во Демир Хисарбеле констатирани 20 прекршоци за непрописно паркирање, а на ул.„Крушевска Република"во Битола биле затекнати и санкционирани 15 непрописно паркирани возила.

На 12.08.2022 во 18.10 часот во Полициска станица Гази Баба, Ж.К.(56) од Скопје пријавила дека на ул.„Лазар Поп Трајков" била касната од куче скитник.

На 12.08.2022 во 20.00 часот во Полициска станица Гази Баба, М.А.(35) пријавила дека на ул.„Ташко Караџа" била касната од куче скитник.

Денеска (13.08.2022) во 02.50 часот во с.Мала Речица, тетовско, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода А.Г.(32) од Р.Албанија. Тој бил затекнат во извршување на кривично дело „кражба" од куќа во с.Мала Речица, сопственост на А.Д.(33) од истото село.
По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 13.08.2022 околу 03.00 часот полициски службеници од ОВР Кичево лишиле од слобода 17-годишник од селото Лисичани. При преглед извршен во казино на улицата „Маршал Тито" во Кичево, полициските службеници кај него пронашле и одземе кесе со кокаин. По целосно документирање на случајот, ОВР Кичево ќе поднесе соодветна пријава.

На 12.08.2022 во Прилеп, од страна на полициски службеници од СВР Битола - ОВР Прилеп, Надворешната канцеларија за криминалистички работи Прилеп бил лишен од слобода С.И.(31) од Битола, бидејќи кај него е пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна кривична пријава.

На 12.08.2022 во 01.50 часот, во ОВР Кичево лишен од слобода е Р.Р.(47) од кичевското село Србица. При контрола на патнички автомобил „голф" што тој го управувал, извршена во близина на селото Цревеци, полициските службеници пронашле и одземе две пакувања со кокаин. Против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.08.2022 во Скопје полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода Р.И.(35) од с.Никуштак, кумановско, Б.И.(20) и Р.И.(27) двајцата од с.Арачиново, скопско, постапувајќи по пријава на Т.Б.(42) од Скопје. Според пријавеното, по претходно недоразбирање во сообраќајот околу 10.20 часот на подрачје на Бит Пазар, Р.И., кој бил заедно со Б.И. и Р.И., а имал и остар предмет, физички го нападнал Т.Б., а потоа без негова согласност го однеле во угостителски објект на подрачјето на Бит Пазар, од каде успеал да побегне. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (13.08.2022) во 08.40 часот во СВР Велес К.А.(33) од Гостивар, кој управувал товарно возило „ман", со гостиварски регистарски ознаки, пријавил дека во товарната приколка од камионот слушнал звуци. Полициски службеници од СВР Велес заедно со претставници од Царинската управа веднаш излегле на лице место и во приколката пронашле едно лице мигрант од Мароко. Лицето е спроведено во Приватно-транзитен центар Винојуг за понатамошна постапка.

На 12.08.2022 од полициски службеници од ОВР Дебар лишен е од слобода Д.Д.(31) од дебарско село. Тој претходно, во семејниот дом, физички ја нападнал неговата сопруга. По наредба на Јавен обвинител одземена му е патната исправа и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 12.08.2022 во 12.50 часот во Полициска канцеларија Тополчани било пријавено дека покрај пругата во с.Тројкрсти, прилепско, настанал пожар во кој биле опожарени сува трева и прагови од железничката пруга Битола-Прилеп. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Прилеп.

На 12.08.2022 во 21.30 часот во СВР Скопје, М.Ѓ.(55) од Скопје пријавил дека околу 17.00 часот во неговиот двор на подрачјето на Центар, тој и неговиот малолетен син биле физички нападнати со тврд предмет од Ф.М.. Полициски службеници од СВР Скопје излегле на местото на настанот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.08.2022 во 16.15 часот во СВР Штип е пријавено дека во Општата медицинска помош Пехчево бил донесен повреден Б.М. од Иран. Според пријавеното, тој околу 15.30 часот, додека извршувал работни задачи како вработен во фирма, паднал и се здобил со тешка телесна повреда, констатирана во Клиничката болница Штип. Полициски службеници излегле на местото на настанот.

На 13.08.2022 во 01.00 часот во угостителски објект во Тетово полициски службеници од СВР Тетово го привеле Р.К.(48) од Тетово, затоа што го нарушил јавниот ред и мир со агресивно однесување кон присутните. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против Е.Т.(22) од Тетово, поради постоење основано сомнение за постојани три кривични дела „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори", „овозможување на употреба наркотични дроги" и „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста". На 05.08.2022 пријавувајќи, при обид за негово легитимирање, агресивно се одневувал и физички нападнал со тврд предмет полициски службеници, а во возило били пронајдени и одземен кокаин.

На 12.08.2022 во 15.50 часот во Полициска станица Штип, Д.З.(42) пријавил дека околу 15.45 часот на Градскиот пазар во Штип бил физички нападнат од В.П.(49), двајцата од Штип. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.08.2022 во 19.00 часот во с.Равен, гостиварско, од полициски службеници од Полициска станица Гостивар лишен од слобода е Р.А.(32) од гостиварско, затоа што околу 13.30 часот, по претходна расправија, физички ја нападнал неговата сопруга. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 12.08.2022 во 13.30 часот во СВР Тетово, Б.И.(31) од Тетово пријавил дека од домот се оддалечил неговиот татко М.И.(54), кој имал здравствени проблеми. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 12.08.2022 во 13.15 часот во Полициска станица Бит Пазар, С.И.(28) од Скопје пријавила дека околу 01.00 часот во близина на угостителски објект на подрачјето на Бит Пазар, додека ги извршувала своите работни обврски како лекар во Итна медицинска помош, по претходно недоразбирање, била физички нападната од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.08.2022 во 11.15 часот во Полициска станица Карпош С.Н.(55) од Скопје пријавила дека на 27.07.2022 во 14.30 часот пред угостителски објект на подрачје на Карпош по претходно недоразбирање била физички нападната од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.08.2022 во 18.00 часот во Полициска станица Драчево, А.Ѓ.(58) од с.Зелениково, скопско, пријавила дека од домот во с.Зелениково се оддалечил нејзиниот сопруг В.Ѓ.(60) од истото село. Според пријавеното, тој би можел да се наоѓа на Зелено пазарче или во населба Аеродром во Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 13.08.2022 околу 00.20 часот во Полициска станица Куманово Б.М.(22) од с.Черкези, кумановско и Е.Ш.(27) од Куманово пријавиле дека на 12.08.2022 околу 21.00 часот, за време на ѓудбалски натпревар во основно училиште на подрачјето на Бит Пазар во Скопје, во кој учествувале, биле физички нападнати од Е.С. и Е.Н. двајцата од Скопје, кои биле посетители на натпреварот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против С.С.(59) од Тетово, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „бесправно градење" . Пријавиот, во текот на јануари 2022 година, на регионален пат Тетово - С.Бреница изградил приземена бетонска плоча со бетонски столбови на катастарската парцела евидентирана на И.Л.Р., сопственост на А.Д ЕЛЕМ, без да поседува соодветна документација.

На 12.08.2022 во 10.00 часот во Полициска станица Кочани е пријавено дека на место викано „Банско" во атар на с.Бање, кочанско, на брегот на реката Киселина бил пронајдено починатата В.А.(82) од с.Ѓрање, за која на 06.08.2022 во Полициска станица Кочани било пријавено дека се оддалечила од домот. По наредба на Јавен обвинител, телото на починатата е предадено за одбукција. Увид на местото на настанот извршила екипа од ОВР Кочани.

На 12.08.2022 во 16.20 часот во ОВР Кавадарци, Д.Т.(35) од Кавадарци пријавил дека на 11.08.2022 околу 23.50 часот во близина на патот Кавадарци-нотел Дриново, на раскрсница за с.Ресава, бил физички нападнат од М.К.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 13.08.2022 во 01,45 часот во Полициска станица Куманово Ш.А.(18) од с.Виштица пријавила дека на 12.08.2022 околу 21.30 часот во близина на казино во Куманово, била физички нападната од В.М. од с.Лопате, со кого претходно била во љубовна врска. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.08.2022 во 11.40 часот во Полициска станица Бит Пазар е пријавено дека во близина на тргоски центар на подрачјето на Бит Пазар, по претходна расправија околу сообраќајот, едно лице кое управувало патничко возило „Ѓиа", со скопски регистарски ознаки, физички го нападнало Р.Д.(36) и испукало со пиштол. Р.Д. бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Полициски службеници од СВР Скопје излегле на местото, по преземени активности стореткол е идентификуван станува збор за Н.М.(35), обезбедени се сите докази против него и распишана е потерница, а по документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против М.И.(18) од Куманово, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет опојни дроги". На 10.02.2022 од полициски службеници при извршен преглед кај пријавениот пронајдена и одземена е марихуана.

На 13.08.2022 во 03.29 часот во Полициска станица Горче Петров е пријавено дека на подрачјето на Горче Петров настанал пожар на патничко возило „сузуки", со скопски регистарски ознаки, сопственост на М.А.(32) од Скопје. Пожарот е изгаснат од противпожарната единица Скопје и нема повредени лица. Полициски службеници излегле на местото на настанот и се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 12.08.2022 во 20.40 часот во Полициска станица Карпош С.П.(57) од Скопје, а со престој во Германија, пријавила дека нејзиниот син Н.П.(38) од Скопје, кој имал здравствени проблеми, подолг период не го добивала на мобилниот телефон. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.